Пуштена во употреба новата теретана на отворено во ООУ „Страшо Пинџур“ во Мало Коњари, дел од проектот „Зајакнување на луѓето од Пелагонија 2“

Проектот е поддржан од Амбасадата на Кралството Холандија, спроведуван од Про Локал во партнерство со Младински Совет Прилеп и уште 7 локални организации од Пелагонискиот регион. Оваа иницијатива е дел од проектот „Зајакнување на луѓето од Пелагонија 2", чија основна цел е младите да станат активни учесници во подобрувањето на својата околина.

Оваа теретана ќе биде важен ресурс за сите млади во ова населено место, но и за сите кои сакаат да се грижат за своето здравје и го практикуваат активниот живот. Веруваме дека таа ќе стане место каде што децата и младите ќе се собираат, ќе спортуваат и ќе развиваат здрави навики.





